# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МЕДИУМИТЕ бр. 5

**5 мај 2021**
**ДА СЕ ОБЈАВИ ВЕДНАШ ПО ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ**

Контакт лице: Дениз Сулејман,
Менаџер за комуникација, мобилизација и видливост
Е-маил: deniz@stepbystep.org.mk
Телефон: 02 3077900
Моб.тел: 071244697
www.stepbystep.org.mk

Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ во соработка со Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ и Здружението за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак“, го реализира Проектот **„Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“**. Проектот е финансиран од Европската Унија и има за цел да обезбеди целосна и рамноправна вклученост на децата со попреченост во редовните основни училишта.

Како дел од Проектот **„Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“** во текот на учебната 2020/2021 година, обезбедени се стипендии за 322 деца со попреченост кои се запишаа и редовно посетуваа настава. Проектот ќе ја продолжи поддршката на овие стипендисти, но и ќе овозможи дополнителни стипендии за нови 150 ученици со попреченост запишани во прво одделение во учебната 2021/2022 година**.** Огласот за новите 150 стипендисти е отворен на интернет страница на Фондацијата „Чекор по чекор“ www.stepbystep.org.mk (на македонски и на албански јазик). Огласот е отворен до 30 септември 2021 г. и може да аплицираат сите родители/старатели на деца со попреченост запишани во I одделение во основните училишта. За дополнителни информации, заинтересираните можат да се обратат на 072-307-326 или на: stipendii@stepbystep.org.mk.

Висината на месечната стипендија е 50 ЕУР во денарска противвредност и истата ќе се доделува за 10 месеци, од септември 2021 г. до јуни 2022 г. Задржувањето на стипендијата во следната учебна година зависи од редовноста на ученикот во училиште и успешниот премин во следното одделение.

ВАЖНА ИНФОРМАЦИЈА: Семејствата на кандидатите кои ќе добијат стипендија **не го губат правото на гарантираната минимална помош** согласно член 4 од „Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош...” (Службен весник на РСМ, бр. 109 од 28.5.2019 година)[3]: При остварување и користење на правото на гарантирана минимална помош, **стипендијата не се смета како приход.**

KOMUNIKATË PËR SHTYP nr. 5

**5 Maj 2021**
**TË SHPALLET MENJËHERË PAS MIRATIMIT**
Person kontakti: Deniz Sulejman,
Menaxher për komunikim, mobilizim dhe vizibilitet
E-mail: deniz@stepbystep.org.mk
Telefon: 02 3077900
Tel.mobil: 071244697
www.stepbystep.org.mk

Fondacioni për iniciativa arsimore dhe kulturore “Hap pas Hapi” në bashkëpunim me Shoqatën për promovim dhe zhvillim të shoqërisë inkluzive “Inkluziva” dhe Shoqatën për ofrim të shërbimeve personave me aftësi të kufizuara “Handimak”, realizon Projektin **“Bëhu IN, bëhu Inkluziv, bëhu i gjithëpërfshirë”**. Projekti financohet nga Bashkimi Evropian dhe ka për qëllim të sigurojë përfshirje të plotë dhe të barabartë të fëmijëve me aftësi të kufizuara në shkollat e rregullta fillore.

Si pjesë e Projektit **“Bëhu IN, bëhu Inkluziv, bëhu i gjithëpërfshirë”,** gjatë vitit shkollorë 2020/2021 janë siguruar bursa për 322 fëmijë me aftësi të kufizuara të cilët janë regjistruar dhe kanë ndjekur rregullisht mësimin. Projekti do të vazhdojë t’i mbështes këta bursistë **por edhe do të mundësojë bursa plotësuese për 150 nxënës me aftësi të kufizuara të regjistruar në klasën e parë të vitit shkollorë 2021/2022.** Shpallja për 150 bursistët e ri është e hapur në faqen e internetit të Fonacionit “Hap pas Hapi” www.stepbystep.org.mk (në gjuhën maqedone dhe në gjuhën shqipe). Shpallja është e hapur deri në 30 Shtator të vitit 2021 dhe mund të aplikojnë të gjithë prindërit/kujdestarët e fëmijëve me aftësi të kufizuara që janë regjistruar në klasën e parë të shkollave fillore. Për informata plotësuese, palët e interesuara mund të drejtohen në 072-307-326 dhe në: stipendii@stepbystep.org.mk.

Vlera mujore e bursës është 50 EUR në kundërvlerë me denarë dhe e njëjta do të jepet nga Shtatori i vitit 2021 deri në Qershor të vitit 2022. Mbajtja e bursës në vitin e ardhshëm shkollor varet nga rregullsia e nxënësit në shkollë dhe transferimi i suksesshëm në klasën tjetër.
INFORMACION I RËNDËSISHËM: Familjet e kandidatëve që do të marrin bursën **nuk e humbin të drejtën e ndihmës minimale të garantuar** sipas nenit 4 të "Rregullores për mënyrën e ushtrimit të të drejtës për ndihmë minimale të garantuar (Gazeta zyrtare e RMV, nr. 109 nga 28.5.2019)[3]: Gjatë realizimit dhe shfrytëzimit të të drejtës për ndihmë të garantuar minimale, **bursat nuk llogariten si të ardhura.**